# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 31.1.2020 год.<br>Скопје<br>Број 3 год. XV | Претплатата за 2020 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


јануари, 2020 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.


- Одлука за донирање на средства за подигање на спомен обележје на Горан Стефановски, со Решение за објавување ........................... 1 - 2

- Заклучок за прифаќање на Иницијативата за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Советот на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ............................................................ 3 - 4

- Одлука за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година, со Решение за објавување ............................................................ 5 - 6

- Буџетски календар на Општина Центар-Скопје за 2020 година, со Решение за објавување ............................................................ 7 - 8

- Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар-Скопје за 2020 година, со Решение за објавување ................ 9 - 10

- Одлука за прифаќање донација на финансиски средства од УНДП-Програма за развој на ОН, со Решение за објавување ............ 11 - 12

- Програмата на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година и на Акцискиот план за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите – КЕМ за 2020 година, со Решение за објавување ..................................... 13 - 22

- Заклучокот по Предлог-одлуката за ослободување од партиципација на деца Роми во предучилишното образование на подрачјето на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................................................... 23 - 24

- Одлука за ослободување од партиципација на деца Роми во предучилишното образование на подрачјето на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ...................................... 25 - 26

- Одлука за измена на Одлуката за давање на користење училиштен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ...... 27 - 28

- Одлука за објавување конкурс за избор на проекти од областа на сценската уметност, со Решение за објавување .................................. 29 - 31

- Одлука за ставање вон сила на Одлуката за рганизацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................ 32 - 33

- Заклучок по Извештај за работата на КК „Работнички" АД Скопје, за период од 1.1.2019 до 31.12.2019 година (наративен дел), со Решение за објавување .................................................................... 34 - 35

- Одлука за давање согласност на финансискиот план на КК „Работнички" АД Скопје за 2020 година, со Решение за објавување .... 36 - 37

- Одлука за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник, со Решение за објавување ................. 38 - 39

- Одлука за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник, со Решение за објавување .................. 40 - 41

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донирање средства за подигнување спомен-обележје на Горан Стефановски**

Се објавува Одлуката за донирање средства за подигнување спомен-обележје на Горан Стефановски,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/3
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на членовите 36 и 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 2, член 3 точки 3, 4 и 7 и член 4 став 2 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06; 86/08; 51/11; 28/14 и 153/15) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), а во врска со донесената Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 08-952/28 од 28.2.2019 година, Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донирање средства за подигнување спомен-обележје на Горан Стефановски**

**Член 1**

Се донираат финансиски средства во износ од 1.000.000,00 денари на примателот на донацијата Здружение за промоција и зачувување на културното наследство на ГОРАН СТЕФАНОВСКИ Скопје.

Целта на донирањето на средствата од став 1 од овој член е остварување, унапредување, промоција и поддршка за подигнување спомен-обележје на Горан Стефановски, како дејност од јавен интерес.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука се издвојуваат од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2020 година.

**Член 3**

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се уплатат на сметка отворена за оваа намена во Комерцијална Банка АД Скопје: 300000004453015, цел на дознака: донација на средства за подигнување спомен-обележје на Горан Стефановски.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-454/2
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Советот на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Заклучокот за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Советот на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/5
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 1/06) и член 26 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19) и членовите 208 и 209 од Деловникот на Советот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 3/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за прифаќање на Иницијативата за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Советот на Општина Центар-Скопје**

1. Се прифаќа Иницијативата за измени и дополнувања на Деловникот за работа на Советот на Општина Центар-Скопје.

2. Се задолжува Комисијата за статут и прописи да утврди Предлог-одлука за измена и дополнување на Деловникот на Општина Центар-Скопје, заедно со координаторот на другата советничка група и вработен (правно лице) од стручните служби.

3. Овој Заклучок стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-454/4
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година**

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/7
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16 и 11/18), Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје", а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2020 година.

Бр. 08-454/6
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Буџетскиот календар**
**на Општина Центар-Скопје за 2020 година**

Се објавува Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2020 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/9
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18 и 244/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, донесе

## Буџетски календар
## на Општина Центар-Скопје за 2020 година

| Ред. бр. | Активности | Месец во годината |
|---|---|---|
| **1.** | Советот на Општина Центар-Скопје го донесува Буџетскиот календар. | јануари |
| **2.** | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови и програми до сите сектори и буџетски корисници. | најдоцна до 31 август |
| **3.** | Сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и програми за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | најдоцна до 30 септември |
| **4.** | Министерот за финансии доставува циркулар - насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година. | најдоцна до 30 септември |
| **5.** | Секторот за финансиски прашања подготвува процени на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и ги усогласува финансиските планови и програми, ги одредува приоритетите и одредбите за новиот нацрт-буџет и го известува Градоначалникот за основните параметри. | најдоцна до 15 октомври |
| **6.** | Градоначалникот на Општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од циркуларот и го доставува до Советот на Општина Центар-Скопје. | најдоцна до 20 октомври |
| **7.** | Советот го одобрува предлогот на планот на програмите за развој. | најдоцна до 15 ноември |
| **8.** | Секторот за финансиски прашања го изготвува нацрт- буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и на одобрување. | ноември |
| **9.** | Градоначалникот го доставува нацрт-буџетот до Советот на Општина Центар-Скопје. | ноември |
| **10.** | Градоначалникот организира јавна расправа по нацрт- буџетот. | ноември-декември |
| **11.** | Градоначалникот го доставува предлог-буџетот до Советот на Општина Центар-Скопје. | декември |
| **12.** | Советот на Општина Центар-Скопје го усвојува предлог- буџетот. | декември |

Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2020 година стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-454/8
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар-Скопје за 2020 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар- Скопје за 2020 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/11
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16 и 11/18), Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредноста на бодот за платите**
**на јавните службеници вработени во институциите**
**основани од Општина Центар-Скопје за 2020 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на јавните службеници за 2020 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-454/10
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање донација на финансиски средства од УНДП-Програма за развој на ООН**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација на финансиски средства од УНДП-Програма за развој на ООН,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/13
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација на финансиски средства од УНДП-Програма за развој на ООН**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата на финансиски средства во висина од 2.700.000,00 денари од УНДП-Програма за развој на ООН за реализација на проектот „Зајакнување на капацитетите на детските градинки на територија на Општина Центар-Скопје и на Младинскиот центар за подобра социјална инклузија“.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-454/12
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година и на Акцискиот план за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите - КЕМ за 2020 година**

Се објавува Програмата на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година и на Акцискиот план за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите - КЕМ за 2020 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ги донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/15
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, донесе

# ПРОГРАМА
## на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2020 година

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (во натамошниот текст КЕМ) функционира како постојано работно тело на Советот на Општина Центар-Скопје.
Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана (2009 година) со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ" бр. 6/12).

**Општа цел**
КЕМ се залага за креирање на локалните политики и за зголемување на свеста кај граѓаните за воспоставување родово сензитивни политики за еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, здравствената и во други области од општествениот живот.
Креирање на концептот на родова интеграција при креирањето на локалните политики, подигнување на свеста на граѓаните за родово сензитивните политики преку кои се зголемува еднаквоста на жените и мажите. Создавање институционални услови за промоција и развивање на правата на жените, еднакви можности на жените и мажите во сите области на секојдневното живеење на локално ниво.

**Задачи**
Вклучување на родовите перспективи во главните текови, односно интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики, при што се има предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите.

Инклузија на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите за жените и мажите во секоја планирана акција, вклучително и законската легислатива, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.
Припадниците на двата пола да станат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и на програмите на сите политички, образовни, економски и социјални сфери на локално ниво.

**Форми и облици за реализација на активностите**

- Организирање работилници и трибини;
- Организирање обуки за определени прашања;
- Информирање на граѓаните.

**Области на дејствување на КЕМ во 2020 година**

- ❖ Превенција и влијание во намалувањето на насилството меѓу врсниците - Булинг;
- ❖ Жената и здравјето - како да го избегнеме стресот;
- ❖ Обука за родово одговорно буџетирање на интерсекторската група;
- ❖ 8 Март - ден за почитување, а не ден за подароци;
- ❖ Промоција и поттикнување на женското претприемаштво.

**I Превенција и влијание врз намалувањето на насилството меѓу учениците - Bullying**

Насилството меѓу врсниците, познато како **Bullying,** претставува збир на однесувања со цел да се воспостави контрола над другите преку употреба на сила, закани или намера за злоупотреба или агресивна доминација над другите, застрашување и манипулирање.
Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, во соработка со професионални предавачи што работат на полето насилство меѓу врсниците, ќе организира работилници и обуки за наставниците од општинските основни училишта за подигнување на свеста за препознавање и превенција од насилство меѓу учениците.

**II Жената и здравјето - како да го избегнеме стресот**

Современиот начин на живеење и забрзаниот ритам на живеење го доведуваат човечкиот организам во стресна состојба, се појавуваат проблеми во секојдневјето, проблеми на работа, во училиште, исто така, влијаат и несоодветната исхрана, дебелината, физичката неактивност, пушењето и друго од околината. Стресот е

состојба во која се наоѓаат умот и телото на лицето кога врз нив дејствува одреден стресор, а одговорот на лицето на стресот е сѐ она што следува потоа и се случува на ниво на мислење, чувства и однесување и влијае врз нашето функционирање и квалитетот на нашиот живот.
КЕМ ќе организира трибини за жителите на Општина Центар на тема „Како да го намалиме ефектот на стресот преку здрава храна".

**III Обука за родово одговорно буџетирање на интерсекторската група**
Обуката ќе биде специјализирана за членовите на Комисијата и интерсекторската група со цел да се зајакнат нивните знаења и вештини за остварување на специфичните обврски од нивната надлежност. Обуката треба да се фокусира на процесите на планирање и одлучување во врска со интеграцијата на родовиот пристап во програмите и во Буџетот на Општината преку примена на листи за проверка дали програмата е основана врз родова анализа и има интегрирано родов пристап, како и дали се издвоени соодветни средства за нејзина реализација што ќе овозможи подеднакво распределување и корист од јавните ресурси за мажите и жените во општината.

**IV 8 Март - ден за почитување, а не ден за подароци**
Меѓународниот ден на жената - 8 Март е ден кога се одбележува борбата на жените за економска, политичка и социјална рамноправност со мажите. Осми март е прогласен за Меѓународен ден на жената од Обединетите нации, со цел да се одбележи улогата на обичната жена во историјата, како и нејзината борба за еднаквост, правда, мир и развој.
Симболиката на овој празник треба да биде актуализирање на барањата за подобрување на условите за работа на жените и квалитативно подобрување на нивниот социјално-политички статус во општеството.
Да се работи на сите полиња - економски, политички, социјални и здравствени, со цел да се подобри и да се олесни животот на секоја жена во ова општество.

**V Промоција и поттикнување на женското претприемаштво**
Жените се мнозинство од населението во светот, но не се доволно застапени во пристапот до можностите (од преземање бизнис-потфат до управување, од вработување до политички ангажман, сето ова се базира врз влијанието на општественото однесување (на пример, дискриминирачката практика на наследување, насилството врзд жените, отежнатиот пристап до сопственост на земјиште и до кредити).

Развојот на женското претприемаштво во Општина Центар има цел жените да се зајакнат економски преку создавање поволна бизнис-клима и да се обезбеди поддршка за развој на нивниот претприемачки потенцијал, со што ќе се придонесе во развојот на постојните и отворање нови претпријатија, креирање нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија.

**АКЦИСКИ ПЛАН**
**за работа на Комисијата за еднакви можности**
**на жените и мажите - КЕМ за 2020 година**

**Општина**
Општина Центар-Скопје го зафаќа строгото централно подрачје на градот Скопје. Всушност, таа е седиште на најголем број установи што имаат административен, политички, образовен, културен и трговски карактер, но и на станбен дел што е најгусто населен во цела земја. Овде се наоѓаат: Собранието и Владата на Република Северна Македонија со најголем број министерства, Собранието на Град Скопје, дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", црквата „Св. Спас", старата скопска тврдина Кале, Градскиот трговски центар, Градскиот парк итн.
Општината се протега на 8 км$^2$. Се наоѓа на просечна надморска висина од 320 м.
Според пописот на населението од 2002 година, вкупниот број жители изнесува 45.412 (според социјалната карта на Општина Центар во 2014 година имало 47.392 жители). Просечната густина на населеност изнесува 5.714 жители на 1.000 м.

Според полот, 21.295 лица или 46,8% се машки, а 24.117 лица или 53,2% се женски.
Во однос на националната структура, пак, 38.778 лица или 85,4% се Македонци, 1.465 лица или 3,2% се Албанци, 492 лица или 1,1% се Турци, 976 лица или 2,1% се Роми, 459 лица или 1% се Власи, 2.037 лица или 4,5% се Срби, 108 лица или 0,2% се Бошњаци и 1.099 лица или 2,4% се други. Податоците се од последниот попис на населението од 2002 година.

Во 2019 година има 235 живородени деца (заклучно со третиот квартал на Заводот за статистика на Република Северна Македонија).
Општинската администрација има вкупно вработени - 117 со секретар и градоначалник,
од кои жени - 68 и мажи - 49, раководители: жени - 16, мажи - 9.

АПВ-привремено вработени вкупно -35 (жени - 16, мажи - 19), раководители: 1 жена.
Советот на Општина Центар-Скопје има 23 советници, од нив 9 жени и 14 мажи. Претседателот на Советот и секретарот на Општина Центар-Скопје се жени.

Општината има осум основни училишта со 4.687 ученици (2.366 женски и 2.321 машки), вработени: наставници 342 (314 жени и 28 мажи), стручни соработници 23 (сите жени, административни службеници: 10 (9 жени и 1 маж), техничка служба: 63 (47 жени и 16 мажи), директори 8 (7 жени и 1 маж) и обезбедување 10 (3 жени и 7 мажи).
Во Општина Центар има три детски градинки со повеќе клонови каде што се згрижени 2.091 деца, вработени 291 лице (274 жени и 17 мажи).
ЈП „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје има вработени 137, од кои 32 жени и 105 мажи, раководители на сектор 5 (1 жена 4 мажи) и раководители на одделение 3 (1 жена 2 мажи).
Субвенции за велосипеди добиле 172 лица, од кои 90 жени и 82 мажи, тротинети: 36 жени и 30 мажи.
Од Буџетот на Општина Центар е исплатена еднократна помош за 255 социјални случаи, од кои 162 жени и 93 мажи. Исплатени се и 321 новороденче, од нив 161 бебиња се женски и 160 се машки.

**Вовед**
По локалните избори во 2017 година со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје се именувани се шест (6) члена на КЕМ од новоизбраните членови на Советот на Општина Центар-Скопје во мандатниот период 2017-2021 година.
Координаторот и заменик-координаторот за еднакви можности на жените и мажите секоја година изготвуваат Програма, Акциски план и Извештај за реализираните активности за периодот од јануари до декември од претходната година.

**Приоритетни области на работа**
- Превенција и влијание врз намалувањето на насилството меѓу врсниците - Булинг;
- Жената и здравјето - како да го избегнеме стресот;
- Обука за родово одговорно буџетирање на интерсекторската група;
- 8 Март - ден за почитување, а не ден за подароци;
- Промоција и поттикнување на женското претприемаштво.

## Дефинирање на целите

❖ **Општа цел**

- Воспоставување еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и во која било друга област од општествениот живот.
- Воспоставувањето еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти на јавниот и на приватниот сектор што претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување целосна еднаквост меѓу жените и мажите.

❖ **Посебни цели**

- да промовира и да поддржува пристап што води сметка за родовата димензија и за чувствителноста во процесот на донесување одлуки;
- да влијае врз прогресот на родовата еднаквост и антидискриминацијата во локалната заедница и пошироко;
- да ги поттикнува еднаквите можности на жените и мажите за учество на жената во јавниот и во политичкиот живот на заедницата, како значаен аспект за развој на граѓанското општество;
- да создава институционални услови за промоција и за развивање на правата на жените и на човековите права, како и нивно вклучување во активностите за развој на заедницата во сите сфери од општествениот живот.

❖ **Задачи**

Вклучување на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите за жените и мажите во секоја планирана акција, вклучително и легислативата, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.

Лицата од двата пола да станат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и на програмите на сите политички, економски и социјални сфери на локалното живеење.

❖ **Активности**

КЕМ, координаторот и заменик-координаторот планираат во текот на 2020 година да ги преземат следниве активности: обуки, работилници, информирање на граѓаните во соработка со урбаните заедници, со цел подигнување на свеста и лобирање за имплементирање на родовите политики на локално ниво и промовирање преку електронските медиумите на сите активности што ќе се преземат.

Активностите ќе се реализираат со вклучување на експерти и специјалисти од области за кои се предвидуваат активностите.
Носители: Локалната самоуправа, координаторот и заменик-координаторот, КЕМ во соработка со соодветни институции што работат на таа проблематика.
Општина Центар-Скопје треба да обезбеди средства за реализација на горенаведените активности и да ги предвиди во Буџетот на Општина Центар за 2020 година.

**Табела со цели, задачи и показатели**

**Цел I: Препознавање и превенција од насилство меѓу учениците**

Насилството меѓу децата врсници е проблем со кој се соочуваат сите училишта во државата и во Општината.
Како да се препознае и што треба да се преземе со децата насилници и жртви ќе биде предмет на обработка на работилници што ќе се организираат во текот на годината со наставниците од општинските основни училишта.

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Насилство меѓу децата врсници. | Препознавање на децата жртви и децата насилници, како да им се пристапи, работа со децата за намалување на насилството. | КЕМ, во соработка со професионални стручни лица, ќе организира обуки за наставниците од ООУ. Кои институционални инструменти може да се искористат за намалување на насилството. | Препознавање на насилството и стручно пристапување на проблемот. |

Средствата за реализација на оваа цел изнесуваат 20.000,00 денари.

**Цел II: Жената и здравјето - како да го избегнеме стресот**

Една од најчестите фрази што ја користат луѓето за да го опишат времето во кое живееме е дека „сите сме под стрес" заради работата, финансиите, трката со времето, семејните проблеми и други причини. Стресот може во голема мера лошо да влијае врз човековото здравје.

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Стресното секојдневје доведува до здравствени проблеми. | Подигнување на свеста кај граѓаните за превенција од стресот. | КЕМ, во соработка со стручни лица, ќе организира трибини и советувања за граѓаните со цел да научат како да се справат со стресот. | Подобрување на здравјето на граѓаните. |

Средствата за реализација на оваа цел изнесуваат 20.000,00 денари.

**Цел III: Обука за родово одговорно буџетирање на интерсекторската група**

Обуката треба да се фокусира на процесите на планирање и одлучување во врска со интеграцијата на родовиот пристап во програмите и во Буџетот на Општина Центар преку примена на листи за проверка дали програмата е основана врз родова анализа и има интегрирано родов пристап, како и дали се издвоени соодветни средства за нејзина реализација што ќе овозможи подеднакво распределување и корист од јавните ресурси за мажите и жените.

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Недоволна запознаеност со РОБ | Разбирање на РОБ и начините за развивање и имплементација на програмите | Вметнување на родовиот концепт при подготовка на секторските програми | Родово сензитивни програми |

Средствата за реализација на оваа цел изнесуваат 30.000,00 денари.

**Цел IV: 8 Март - ден за почитување, а не ден за подароци**

Осми март, Меѓународен ден на жената, да се запознаеме со улогата на обичната жена во историјата, како и нејзината борба за еднаквост, правда, мир и развој.

Осми март е празник на економските, политичките и општествените достигнувања на жените.

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| 8 Март - ден за почитување, а не ден за подароци | Обука на учениците на ООУ за значењето на празникот 8 Март и еднакви можности за жените во економската, социјалната и политичката сфера на општеството | Обука на учениците за родова рамноправност | Подигнување на свеста на учениците за статусот на жената во општеството |

Средствата за реализација на оваа цел изнесуваат 10.000,00 денари.

**VI: Промоција и поттикнување на женското претприемаштво**

Развој на женското претприемаштво во Општина Центар има цел економско јакнење на жените преку создавање поволна бизнис-клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемачки потенцијал.

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Мал број жени претприемачи | Поттикнување на претприемачкиот дух кај жените | Мотивација на жените за тие да дејствуваат во бизнис-секторот и како да се создадат нови и посигурни работни места | Основни идеи и начини како да се почне сопствен бизнис |

Средствата за реализација на оваа цел изнесуваат 20.000,00 денари.
За сите теми и активности граѓаните ќе бидат запознаени преку веб-страницата на Општина Центар-Скопје.
Програмата и Акцискиот план на КЕМ за 2020 година, кој изнесува 100.000,00 денари, финансиски ќе биде реализиран од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

Бр. 08-454/14
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Заклучокот по Предлог-одлуката за ослободување од партиципација на деца Роми во предучилишното образование на подрачјето на Општина Центар-Скопје

Се објавува Заклучокот по Предлог-одлуката за ослободување од партиципација на деца Роми во предучилишното образование на подрачјето на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/17<br>
30.1.2020 година<br>
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
на Општина Центар-Скопје<br>
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, расправаше по Предлог-одлуката за ослободување од партиципација на деца Роми во предучилишното образование на подрачјето на Општина Центар-Скопје и донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**по Предлог-одлуката за ослободување од партиципација на деца Роми во предучилишното образование на подрачјето на Општина Центар-Скопје**

1. Се задолжува Одделението за здравствена, социјална заштита и заштита на децата на Општина Центар-Скопје да направи ажурирање на потребите на децата Роми во сите населби на Општина Центар-Скопје за вклучување во детските градинки или во други програми за ран детски развој, како и на потребата за обезбедување средства за транспорт до детските градинки.

2. Овој Заклучок стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-454/16
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за ослободување од партиципација на деца Роми во предучилишното образование на подрачјето на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за ослободување од партиципација на деца Роми во предучилишното образование на подрачјето на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/19
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 и член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), а во врска со проектот „Инклузија на деца Роми во детските градинки“ на Министерството за труд и социјална политика и Заклучокот на Владата на Република Северна Македонија од 28.12.2019 година, Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за ослободување од партиципација на деца Роми во предучилишното образование на подрачјето на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Дваесет деца Роми на возраст од три до шест години што се во социјален ризик се ослободуваат од плаќање партиципација за престој во Јавните установи детски градинки на подрачјето на Општина Центар-Скопје во периодот од 1.1.2020 до 31.8.2020 година.

### Член 2

Се задолжува Секторот за јавни дејности - Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на децата да води евиденција на корисниците на оваа услуга и да го следи спроведувањето на Одлуката.

### Член 3

Примерок од Одлуката да се достави до Јавните установи детски градинки на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

### Член 4

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-454/18
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за давање на користење училиштен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за давање на користење училиштен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/21
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на членовите 36 и 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за давање на користење училиштен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Во Одлуката за давање на користење училиштен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар-Скопје се вршат следниве измени:

-Во член 18 став 2 наместо Јон Фрчкоски треба да стои Никола Георгиевски.
-Во член 18 став 3 наместо Вукица Куноска треба да стои Душко Велиновски и наместо Дане Стојковски треба да стои Иван Миновски.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-454/20
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за објавување конкурс за избор на проекти од областа на сценската уметност**

Се објавува Одлуката за објавување конкурс за избор на проекти од областа на сценската уметност,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/23
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и точка 8.2 од Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2020 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 25/19), Советот на Општина Центар Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за објавување конкурс за избор на проекти**
**од областа на сценската уметност**

**Член 1**

Заради реализација на Програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2020 година во делот за други форми на поддршка, да се објави конкурс за финансирање на проекти од областа на сценската уметност.

Со конкурсните услови да се обезбеди конкуренција на квалитетни проекти за театарски претстави, фестивал на денс и движење, концерти, кино за прикажување на современиот европски филм и место за изразување на младата македонска културна сцена.

**Член 2**

Средствата за финансиска поддршка на проектите од член 1 на оваа Одлука во висина од **5.000.000,00** денари се обезбедени со Програмата за култура и со Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2020 година.

**Член 3**

За спроведување на конкурсната постапка за избор на проекти од локален интерес во областа на сценската уметност се формира Комисија во состав:

Претседател:
-______________________, член на Советот на Општина Центар-Скопје.
Членови:
- ______________________, член на Советот на Општина Центар-Скопје,
-______________________, од редот на вработените,
-______________________, од редот на вработените и
-______________________, надворешен член.

**Член 4**

Надворешниот член на Комисијата од член 3 на оваа Одлука ќе се избере по пат на јавен повик, во кој ќе бидат предвидени критериумите за негов избор.

**Член 5**

Комисијата од претходниот член на оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на конкурсот, ќе му достави на Градоначалникот предлог за избор на проекти од локален интерес во областа на сценската уметност.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-454/22
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/25
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ставање вон сила на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Центар-Скопје бр. 08-7295/4 од 29.12.2015 година се става вон сила.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-454/24
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот по Извештајот за работењето на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година**

Се објавува Заклучокот по Извештајот за работењето на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/27
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, расправаше по Извештајот за работата на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година и донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**по Извештајот за работењето на КК „Работнички" АД Скопје**
**за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година**

1. Се усвојува Извештајот за работењето на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година.

2. Се задолжува КК „Работнички" АД Скопје во рок од 15 дена да достави попрецизен финансиски извештај, изработен во координација со Секторот за финансиски прашања во Општина Центар-Скопје.

3. Заклучокот да се достави до КК „Работнички" АД Скопје.

4. Овој Заклучок стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-454/26
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички“ АД Скопје за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички“ АД Скопје за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/29
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Кошаркарскиот клуб „Работнички" АД Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-454/28
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник**

Се објавува Одлуката за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/31
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14; 199/14; 27/17; 35/18; 198/18 и 143/19), а во врска со член 30 ставови 1 и 4 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16 и 142/16), Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник

### Член 1

Се дава согласност за спогодбено преземање на административниот службеник од Агенцијата за администрација, еден извршител, за работно место раководител на Одделение за односи со јавност и информирање на граѓаните во Сектор за поддршка на Градоначалникот, со шифра - УПР0101Б04000 во Општина Центар-Скопје.

### Член 2

За оваа намена се обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-454/30
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник**

Се објавува Одлуката за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/33
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14; 199/14; 27/17; 35/18; 198/18 и 143/19), а во врска со член 30 ставови 1 и 4 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16 и 142/16), Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник**

**Член 1**

Се дава согласност за спогодбено преземање на административниот службеник од Град Скопје, еден извршител за работно место советник инспектор за животна средина во Одделение за комунална инспекција, инспекција за животна средина, наплата на даноци и такси и други надлежности на Општината во Сектор за инспекциски работи, со шифра - ИНС0101В01001 во Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

За оваа намена се обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-454/32
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.